Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

Извадок на дел од дневните настани 20.08.2023

На 19.08.2023 во 13,30 часот во Скопје, на подрачје на Карпош, од полициски службеници е лишен од слобода 15-годишен малолетник од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 20.08.2023 во 01.20 часот во Скопје, на подрачје на Бит Пазар, од полициски службеници е лишен од слобода М.И.(20) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 19.08.2023 во 22.50 часот, во СВР Охрид лишен од слобода е А.П.(23) од охридското село Куратица. При претрес извршен со судска наредба во куќа во Охрид каде престојувал, полициските службеници пронашле и одзеле бела грутеста материја, најлонски опаковки со траги од бела прашкаста материја и пари. По целосно документирање на настанот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Во текот на изминатата вечер (19/20.08.2023) во периодот од 23.00 до 05.00 часот на подрачјето на СВР Битола спроведена е засилена акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возило под дејство на алкохол. При контролата санкционирани се 58 возачи од кои 29 во Прилеп, 13 во Битола, 6 во Крушево , 5 во Македонски Брод, 3 во Ресен и 2 во Демир Хисар. Во Прилеп е санкциониран и возач кај кого се измерени 4,55 промили алкохол. За време на контролата биле санкционирани и 42 други видови прекршоци.

На 19.08.2023 во 13.00 часот во Охрид на бул.„Туристичка", патничко моторно возило „ауди" со гостиварски регистарски ознаки, управувано од Д.Ј.(51) од Гостивар, удрило во С.Ш.(67) од Охрид. По несреќата, С.Ш. била пренесена во болницата „Св. Еразмо"-Охрид, каде од страна на лекар биле констатирани тешки телесни повреди. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа од СВР Охрид.

На 19.08.2023 во 22.00 часот во Гостивар, во населба Фазанерија, се случила сообраќајна несреќа помеѓу мопед „томос" без регистарски ознаки, управуван од А.Д. (45) од Гостивар, и патничко моторно возило „тојота", сопственост на МВР. По несреќата, возачот на мопедот А.Д. бил пренесен во Медицински центар Гостивар каде од лекар му биле констатирани тешки телесни повреди. За настанот е известен Јавен обвинител, а увид на местото на настанот извршила увидна екипа од Полициска станица Гостивар и Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (19.08.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 276 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 109 санкции, 11 мерки за возење без возачка дозвола, седум санкции за прекршоци што ги прават возачите на мотоцикл. Изречени се девет мерки за користење мобилен телефон при возење, четири санкции за управување под дејство на алкохол, пет мерки за возач почетник...

На 19.08.2023 околу 17,35 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул. „Горче Петров" во Скопје, патничко моторно возило „фолксваген голф" со тетовски регистарски ознаки, управувано од С.И.(54) од Тетово излетало од коловозот и удрило во паркирани возила на авто плац. Споредпријавеното од С.И., таа изгубила контрола над возилото откако друго возило, кое напуштило лице место, и го попречило движењето. По несреќата С.И. и нејзините сопатници А.А.(81) и М.А.(80), двајцата од Скопје биле пренесени во Градската општа болница „8 ми Септември" каде од лекар на А.А. му се констатирани тешки телесни повреди, а на С.И. и М.А. им се констатирани телесни повреди. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Скопје.

На 19.08.2023 во 11.50 часот во Полициска станица Центар Л.П.(57) од Скопје пријавила дека во дворот на Комплекс клиники „Мајка Тереза" била касната од куче скитник.

На 19.08.2023 во 16.00 часот во Полициска станица Центар Ј.Д.(34) од Охрид пријавил дека во градскиот трговски центар во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 19.08.2023 во 21.20 часот во Полициска станица Центар Ј.К.(54) од Скопје пријавил дека на бул.„Партизански одреди" неговиот малолетен син бил каснат од куче скитник.

На 19.08.2023 во Полициска станица Радовиш е пријавено дека во с.Јаргулица, радовишко, А.А.(34) од Радовиш управувајќи мотоцикл изгубил контрола и паднал на коловозот. Во несреќата возачот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани од лекар во Јавна здравствена установа во Радовиш. Увид на местото на настанот извршила екипа од Полициска станица Радовиш.

Одделението за прекугранично криминал, миграции, странци и readmisija Кавадарци при Регионален центар за гранични работи Југ заедно со ОВР Неготино поднесе кривична пријава против Р.М.(21) од с.Студеничани, скопско, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „фалсификување исправа" казниво по чл.378 ст.3 од Кривичниот законик. Имено на 07.02.2023 околу 22.00 часот на автопат А1 во правец од Гевгелија кон Велес пријавениот управувал патничко моторно возило „бмв" со скопски регистарски ознаки со уништен идентификационен број на шасија, при што истиот употребил лажни регистарски ознаки издадени за патничко моторно возило „ауди" во сопственост на О.Р.(21) од с. Опае, Општина Липково.

На 20.08.2023 во 00.20 часот на подрачје на Центар од полициски службеници е лишен од слобода П.Ј.(37) од Скопје затоа што според пријавеното околу 00.04 часот заедно со уште едно лице во казино на подрачје на Центар со закана од аработен одземе пари. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 18.08.2023 околу 15.00 часот во СВР Битола е пријавено дека настанал пожар во атар на с.Славеј од кој бил зафатен дел од археолошкиот локалитет „Врбјанска Чука" во атар на с.Славеј, општина Кривогаштани, при што била опожарена дел од опремата за ископување која се користи во локалитетот во сопственост на Центарот за истражување на праисторија - Скопје. Пожарот е изгаснат. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа од Полициска станица Прилеп.

На 19.08.2023 во 17.00 часот во Гостивар во населба Фазанерија 2, патничко моторно возило „голф" со гостиварски регистарски ознаки, управувано од А.С.(39) од Кичево, удрило во малолетен пешак од Гостивар. По несреќата пешакот бил пренесен во Општата болница во Гостивар каде од лекар му биле констатирани тешки телесни повреди. Увид на местото на настанот извршила екипа од Полициска станица Гостивар.

На 19.08.2023 во 19.30 часот во Полициска станица Кисела Вода било пријавено дека во близина на спортска обложувалница на подрачје на Кисела Вода, по претходно недоразбирање, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу С.Д.(54) и Б.О.(48), двајцата од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 20.08.2023 во 03.30 часот во Полициска станица Карпош Б.К.(25) од Скопје пријавил дека во двор на градинка на подрачје на Карпош по претходно недоразбирање бил физички нападнат со тврд предмет од М.Л.(25) од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 20.08.2023 во 04.00 часот во населба Илинден во Скопје од полициски службеници е лишен од слобода Б.Р.(30) од с.Мариово, скопско затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 20.08.2023 во 11.00 часот во Полициска станица Чаир З.К.(74) од Скопје пријавил дека на ул. „Киро Димушков" бил каснат од куче скитник.

На 19.08.2023 во 21.00 часот во СВР Куманово А.Б.(36) од Куманово пријавила дека нејзината ќерка М.Б.(15) од Куманово се оддалечила од семејниот дом. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 19.08.2023 во 16.40 часот во Битола од полициски службеници е лишен од слобода К.А.(48) од Битола затоа што кај него е пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 19.08.2023 во 12.00 часот во Полициска станица Ресен е пријавено дека во туристичка населба „Сливница" е пронајдена артилериска граната 75 мм од Првата светска војна. Полициски службеници излегле на местото на настанот, а од пиротехничар од Дирекцијата за заштита и спасување граната е безбедно подигната за понатамошна постапка.

На 19.08.2023 во 19.40 часот во ОВР-Прилеп Г.С.(43) од Прилеп пријавил дека на 18.08.2023 околу 20.00 часот во круг на средно училиште во Прилеп неговиот малолетен син по претходно недоразбирање бил физички нападнат од друг малолетник. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 19.08.2023 во 19.00 часот во ОВР-Прилеп В.В.(70) од с.Пашино Рувци пријавил дека околу 18.00 часот пред продавницата во с.Кадино Село бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 20.08.2023 во 00.20 часот во Полициска станица Битола В.П.(43) од Битола пријавила дека околу 00.20 часот во близина на угостителски објект во Битола нејзиниот син бил физички нападнат од две лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 20.08.2023 во 05.00 часот во Полициска станица Битола К.С.(24) и А.С.(26) двајцата од Битола пријавиле дека околу 01.00 часот во градски парк во близина на угостителски објект во Битола биле физички нападнати од А.У. и Б.З., двајцата од Битола. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 19.08.2023 во 22.36 часот во Полициско одделение Кривогаштани Д.Н.(44) од с.Врбјани пријавил дека околу 22.25 часот пред продавница во с.Врбјани бил физички нападнат од Д.Н. од с.Врбјани. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 20.08.2023 во Полициска станица Свети Николе е пријавено дека на 17.08.2023 околу 22.00 часот во Свети Николе на А.А.(37) од Скопје која била со патничко моторно возило „лада нива" со штипски регистарски ознаки, неколку лица со тврди предмети и го оштетиле возилото. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 19.08.2023 во 19.15 часот во Полициска станица Струмица било пријавено дека околу 18.40 часот во угостителски објект во Струмица бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Б.М., Ј.Н., Ѓ.Н. и О.Н. од с.Дворište, беровско. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 19.08.2023 во 11.30 часот во Тетово од полициски службеници е лишен од слобода З.А.(50) од с.Голема Речица, тетовско, затоа што според пријавеното по претходна расправија физички ја нападнал неговата сопруга, а при извршен претрес кај него бил пронајден метален боксирач. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 19.08.2023 во 14.00 часот во Полициска станица Гостивар Х.З.(48) од Гостивар пријавил дека околу 13.00 часот во угостителски објект во Гостивар по претходно недоразбирање бил физички нападнат од А.Р. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 19.08.2023 година во 22,10 часот во Полициска станица Гостивар А.А.(30) од Гостивар пријавил дека околу 20.30 часот во неговиот двор во Гостивар по претходно недоразбирање бил физички нападнат од неговиот сосед И.Н. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 19.08.2023 во 20,10 часот во Гостивар од полициски службеници се приведени Л.Е. (56) и М.Б.(49) двајцата од Гостивар затоа што според пријавеното истите по претходна расправија го нарушиле јавниот ред и мир. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 19.08.2023 во 16.20 часот во населба Маврови Анови, Општина Маврово и Ростуше од полициски службеници е приведен Р.Ѓ.(53) од с.Леуново затоа што според пријавеното го нарушил јавниот ред и мир со агресивно однесување. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 19.08.2023 околу 13.00 часот во Скопје на ул.„Пере Тошев" се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко моторно возило „шевролет калос" сопственост на МВР и тротинет, управуван од Б.Б.(20) од Скопје. По несреќата Б.Б. била пренесена во Градската општа болница „Св.Наум Охридски" каде од лекар и биле констатирани телесни повреди. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Скопје и Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди.

На 20.08.2023 во 04.20 часот во Тетово од полициски службеници се приведени Ф.А.(36) и Б.А.(38), двајцата од с.Порој, затоа што според пријавеното во близина на продавница во Тетово физички го нападнале В.В.(37) од Тетово. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 20.08.2023 во 00.20 часот во Тетово од полициски службеници се приведени Џ.М. (22) од Скопје и Б.А.(25) од Тетово затоа што, според пријавеното, тие го нарушиле јавниот ред и мир со меѓусебна физичка пресметка. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 19.08.2023 во 21.30 часот во Тетово од полициски службеници е приведен Д.М.(43) од Тетово затоа што го нарушил јавниот ред и мир со агресивно однесување. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Inet